Република Северна Македонија

**Државен инспекторат за локална самоуправа**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Inspektorati shtetëror për Vetëqeverisje lokale**

Број: 02-47/1
Датум: 06.02.2024

Директорот на Државниот инспекторат за локална самоуправа, врз основа на член 23 став 3 од Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа (*Службен весник на Република Македонија бр.158/2010, 187/13,43/14 и 64/18 година*) го донесоа следното:

## РЕШЕНИЕ

Примената на Одлука за поништување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на мала хидроцентрала на водоснабдителен систем за водоснабдување на општина Неготино бр. 08-841/3 од 22.11.2023, спроведена согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на мала хидроцентрала на водоснабдителен систем за водоснабдување на општина Неготино, бр.02-360/2 од 05.08.2021 година, СЕ ЗАПИРА.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за локална самоуправа врз основа на член 18 од Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа("Сл. Весник на РМ" бр.158/10, 187/13, 43/14 и 64/18), преку инспекторите, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор општина Неготино, со адреса: ул.Ацо Аџи Илов бр.2", застапувано од Горан Стојанов, Градоначалник на општина Неготино со матичен број на субјектот на надзорот 6021778, се констатираа следните недостатоци утврдени со Записник број 09-1409 од 30.01.2024 година.

На ден 01.12.2023 година до Државниот инспекторат за локална самоуправа, доставен е Службен гласник број 18 на општина Неготино објавен на 23.11.2023 година, од седницата одржана на ден 22.11.2023 година.

На ден 22.12.2023 година, добивме Предмет-Барање за надзор над законитоста на пропис на општина Неготино, со наш арх.бр.09-1409 од подносителот ДПТУ ХЕМ-АЛИЈАНС ДООЕЛ Неготино, застапувано од управител Милица Стојановиќ од Неготино, со наводи дека Советот на општина Неготино на вонредна седница на ден 22.11.2023 година, донесе Одлука за поништување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на мала

хидроцентрала на водоснабдителен систем за водоснабдување на општина Неготино бр. 08-841/3 од 22.11.2023.. Со ова Одлука се поништува постапката на доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на мала хидроцентрала на водоснабдителен систем за водоснабдување на општина Неготино, спроведена согласно Одлуката за започнување на постапка на доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на мала хидроцентрала на водоснабдителен систем за водоснабдување на општина Неготино, бр.02-360/2 од 05.08.2021 година.

Државниот инспекторат за локална самоуправа, на ден 05.01.2024 година испратил допис до градоначалникот на општина Неготино со барање да ја достави до Државниот инспекторат за локална самоуправа следнава документација, во кое на 15.01.2024 година, од страна на општина Неготино до Државниот инспекторат за локална самоуправа беше доставена по пошта, бараната документација.

Воедно, инспекторите од Државниот инспекторат за локална самоуправа на 25.01.2024 година, извршија вонреден инспекциски надзор во седиштето на општина Неготино, ( Записник 09-1409 од 30.01.2024 година), од кое на увид беше доставена и дополнителна документација во врска со предметот, согласно одредбите од член 20, став 1 и став 2 од Законот за државниот инспекторат за локалната самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.158/2010, 187/13,43/14 и 64/18 година).

По деталниот увид во документацијата доставена од страна на Претставникот на општина Неготино, и разгледувањето на фактите, односно увидот од добиената документација, Ве известуваме дека, согласно со членот 70 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002") и со членот 5 од Законот за државниот инспекторат за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.158/2010, 187/13,43/14 и 64/18 година„) Државниот инспекторат за локална самоуправа е надлежен орган за надзор над законитоста на прописите на општината како и постапката на нивно донесување, во смисла на член 3 од Законот за државниот инспекторат за локалната самоуправа(„Службен весник на Република Македонија бр.158/2010, 187/13,43/14 и 64/18 година„), **а во конкретниот случај се работи за донесена Одлука за поништување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на мала хидроцентрала на водоснабдителен систем за водоснабдување на општина Неготино бр. 08-841/3 од 22.11.2023, која не е во согласност со Закон, односно не е испочитуван член 21 -а ст.1 и 4 од Закон за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република**

Македонија" бр. 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 153/19, 261/19, 89/22 и 65/23).

Решение за свикување на деветнаесетта вонредна седница на Советот на општина Неготино ја свикал претседавач Пепица Ѓорѓиева бр.08-841/1 од 21.11.2023 година, за 22.11.2023 година, со една точка на дневен ред Предлог-Одлука за поништување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на мала хидроцентрала на водоснабдителен систем за водоснабдување на општина Неготино. Во конкретниот случај претседателот на советот Роза Јаневска не ја свика вонредната седница, а истата беше вклучен он-лајн со аудио звук, учествуваше во работата на советот и гласаше по точките, а сепак не претседаваше со седницата, од кое произлегува дека не е испочитувани одредбите од Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002), Статутот и Деловникот за работа на Советот на општина Неготино, и тоа:

Согласно Закон за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002):

**- член 40 - Свикување вонредна седница на советот:**

Вонредна седница на советот свикува претседателот на советот, по сопствена иницијатива или на барање на најмалку 1/3 од членовите на советот, во случаи и на начин утврдени со статутот.

**- член 77 од Статут на општина Неготино:**

Вонредна седница на советот свикува претседателот на советот, по сопствена иницијатива или на барање на најмалку 1/3 од членовите на советот, за прашања од итна природа кога не може да се свика редовна седница.

Вонредна седница на советот се свикува најдоцна во рок од три(3) дена од денот на поднесувањето на иницијативата.

Пред започнувањето на седницата задолжително се гласа за оправданоста на причините на свикување на вонредната седница.

**- член 58 од Деловникот за работа на Советот на општина Неготино:**

По исклучок, во итни случаи, утврдени со статутот, Претседателот на Советот може да свика вонредна седница и во рок покус од 5 дена, а дневниот ред да го предложи на самата седница.

**- член 41 - Работа на седниците на советот:**

Советот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на советот.

Советот одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, ако со закон и со статутот поинаку не е определено.

**- член 61 – од Деловникот за работа на Советот на општина Неготино:**

На седницата на Советот претседава претседателот на Советот.

Во случај на негова спреченост или отсутност, го заменува најстариот член на Советот.
Ако најстариот член на Советот е спречен или отсутен, на седницата претседава членот на советот, кој по предлог на еден или група членови на Советот, ќе го избере Советот со мнозинство гласови од присутните членови на Советот.

Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002"), како системски закон го уредува остварувањето на правото на граѓаните на локална самоуправа, непосредно и преку преставници на органите на општината (советот и градоначалникот). Во Главата 1. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ, од овој закон, во членот 2 (Поимник) став (1) точка 1 е утврдено дека општина е единица на локална самоуправа како заедница на жителите на одредено подрачје, утврдено со закон која преку своите органи, и преку администрацијата и организираните јавни служби овозможува вршење на надлежности пропишани со закон.

Оттука, Државниот инспекторат за локална самоуправа , врз основа на член 23 став 2 од Законот за Државниот закон за локална самоуправа *(Службен весник на Република Македонија бр.158/2010, 187/13,43/14 и 64/18 година)*, одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Ова Решение ќе се објави во Службен весник на РСМ и на веб страната на Министерство за локална самоуправа во делот на Државниот инспекторат за локална самоуправа и министерство.

В.Д Директор
Ferdi Shabani

Доставено до:
-Градоначалник на Општина Неготино
-Претседател на Совет на Општина Неготино